**ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД СКОПЈЕ**

Акционерско Друштво за осигурување
ГРАВЕ НЕЖИВОТ СКОПЈЕ
Бр. 0202-28/12
05.12 2019 год.
Скопје

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ

# ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ЗАЛИХИ НА ФЛОТАЛНА ОСНОВА ОД ОПАСНОСТ ОД ПОЖАР И НЕКОИ ДРУГИ ОПАСНОСТИ

**Скопје, декември 2019 година**

Усвоена со одлука на Управен одбор број 28/11од 05.12.2019 година

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ЗАЛИХИ НА ФЛОТАЛНА ОСНОВА ОД ОПАСНОСТ ОД ПОЖАР И НЕКОИ ДРУГИ ОПАСНОСТИ

**Член 1**

Осигурување по овие Услови можат да склучат правни и физички лица, кои уредно и ажурно водат пропишана книговодствена евиденција на непаричните обртни средства, врз основа на важечките законски прописи и ако се осигурат сите средства што можат да бидат предмет на осигурување според Условите за осигурување од опасност од пожар и некои други опасности.

**Член 2**

(1) Предмет на осигурување по овие Услови можат да бидат складираните залихи на: суровини и материјали, резервни делови, ситен инвентар (класа 3), освен автогумите во употреба, полупроизводите, недовршените производи, готовите производи и трговската стока (класа 6), опремата и средствата за работа во подготовка – инвестиционен материјал (025) и другите залихи на предмети што можат да бидат предмет на осигурување од пожар и некои други опасности.

(2) Не можат да бидат предмет на осигурување само поодделни залихи (аналитички конта), кои се во состав на едно синтетичко конто.

(3) Залихи што не се сопственост на осигуреникот, а се земени на доработка, сервисирање, чување или складирање, не можат да бидат предмет на осигурување по овие Посебни услови.

**Член 3**

(1) Залихите од член 2 на овие Услови се осигурени на секои времени количества по единечни цени по кои се водат во книгите на осигуреникот на 31.12. претходната година, доколку не е договорено поинаку.

(2) Доколку осигуреникот оцени дека цените, односно вредностите по единечните книговодствени цени од претходниот став, нема да одговараат на вистинските пазарни цени, може над нив да договори зголемување:

1. месечен верижен процент на книговодствените единечни цени;
2. со квартален процент на зголемување на книговодствените единечни цени за целиот пресметковен период на осигурување;
3. со зголемување на книговодствените единечни цени за индексот на порастот на цените на производителите на индустриските производи по гранки на дејности, објавени од Републичкиот завод за статистика.

(3) Основица за утврдување на сумата на осигурување залихи, за договорениот квалитет од претходниот став, претставуваат просечните количества по единечни цени по кои се водат во книговодството на осигуреникот зголемени за договорениот пораст од точките 1, 2 или 3 од претходниот став.

(4) Изборот на квалитетот на осигурителното покритие, осигуреникот е должен да го даде во писмена форма и тоа пред скаденцата.

## Член 4

(1) Во случај на штета, како основица за пресметка на штетата на осигурените залихи се земаат единечните цени од книгите на осигуреникот (член 3 став 1 од овие Посебни услови), односно коригираните единечни цени за договореното зголемување според член 3 став 2 точка 1, 2 или 3 од овие Посебни услови.

(2) Доколку цените утврдени според претходниот став се повисоки од реалните/ вистинските цени на залихите на денот на штетата, висината на штетата ќе се утврди според реалните вистински цени.

(3) Под реални вистински цени на залихите се подразбираат:

1) набавната цена на пазарот на денот на штетата (за материјалите, суровините, резервните делови и ситниот инвентар на залиха, трговска стока и средства за работа во подготовка);
2) цената на чинење на денот на штетата и тоа: за полупроизводите и недовршените производи – по фазни цени на чинење до извршениот степен на обработка и за готовите производи, имајќи ги предвид сите фази на обработка.

(4) Во случај на подосигурување, односно ако единечните цени коригирани во смисла на член 3 став 2 од овие Посебни услови се пониски од реалната вистинска вредност на залихите, начелото на пропорција нема да се применува, туку штетата ќе се решава според договореното ниво на цени со полисата за осигурување.

## Член 5

(1) Основица за пресметка на премијата претставуваат вредностите – сумите на осигурување утврдени согласно со член 3 од овие Посебни услови.

## Член 6

(1) Премијата за осигурување за тековниот период на осигурување се пресметува однапред со примена на основицата од член 3 став 1 и став 2 точка 1 и 2.

(2) Ако е договорено осигурување во смисла на член 3 став 2 точка 3 од овие Услови, пресметката на премијата за поместување на индексот на цените се врши секој квартал, и тоа со една четвртина од премиската стапка, на разликата на вредноста помеѓу почетната состојба и зголемените вредности на база индексот на пораст на цените на производителите на индустриските производи по гранка на дејности, објавен од Републичкиот завод за статистика.

(3) За периодот на осигурување од денот на скаденцата до приложување на полисата ќе се пресметува аконтативна премија.

Аконтативната премија се пресметува врз основа на вредноста на залихите од претходниот период на осигурување зголемена за 1/2 од коефициентот на зголемување на цените во претходната година.

При приложувањето на полисите пресметаната премија се намалува за износот на аконтативната премија.

(4) Конечна пресметка на премијата не се врши.

**Член 7**

Доколку станува збор за осигуреник со скаденца 01.01. или нов осигуреник со иста Скаденца, се постапува на следниот начин:

- привремена пресметка се врши со земање на основицата за пресметка на премија од минатиот период на осигурување и таа се зголемува за кумулативниот коефициент на пораст на гранските цени до почетокот на осигурувањето;

- дефинитивна пресметка се врши на база на реалните податоци кога ќе се добијат од осигуреникот.

**Член 8**

Доколку не се во спротивност со одредбите на овие Посебни услови, се применуваат и:

1. Општите услови за осигурување имоти и
2. Условите за осигурување од пожар и некои други опасности.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 9**

Постапка по приговори

Во случај осигурителот и осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, осигуреникот има право на приговор во рок од осум дена од приемот на писменото известување од осигурителот до Второстепената комисија за решавање штети по приговор, што е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

**Член 10**

Постапка по жалба

Договарачот, односно осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија во осигурување како надлежен орган за супервизија на друштвата за осигурување.

**Член 11**

Решавање спорови

Евентуалните спорови што би произлегле од договорот за осигурување договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку не дојде до спогодба, надлежен е стварно надлежниот суд според местото на склучување на договорот за осигурување.

**Претседател на управен одбор**

**Марко Микиќ**